РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS Сертифициран систем според Sistemi i certifikuar sipas ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 04- 8/17 Скопје,Shkup,Skopje 03.04.2023 година/viti/year

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по спроведено интервју број 04-8/16 од 31.03.2023 година, како и Известувањето од Министерство за финансии со Архивски број 18-3833/2 од 10.03.2023 година, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник

1. За извршител на работно место Државен советник за соработка со имателите на информации, меѓународна соработка и проекти, со звање Државен советник, се избира кандидатот **Петар Гајдов**.

2. За именуваниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување во рок од пет дена од по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 17.03.2023 година на веб страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и на веб страната на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник.

Со Решение бр.04-8/14 од 22.03.2023 година формирана е Комисија за селекција за унапредување, која ја спроведе постапката за унапредување. По спроведената постапка за селекција Комисијата изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-8/15 од 31.03.2023 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-8/16 од 31.03.2023 година и по спроведено интервју од страна на генералниот секретар, Комисијата ја изготви финалната ранг-листа од интервјуираниот кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат Петар Гајдов со вкупно освоени 37,35 бодови за работното место Државен советник за соработка со имателите на информации, меѓународна соработка и проекти.

Имајќи го предвид горе наведеното, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер ја донесе оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од осум дена од денот на објавувањето има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Генерален секретар,**

М-р Тања Ковачев

**Доставено до:**
- Именуваниот и
- Архива.